СЛУЖБЕН ВЕСНИК
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ“ излегува по потреба. Ракописите не се враќаат. Огласи по тарифата.

Сабота, 24 март 1973
Скопје
Број 11 Год. XXIX

Претплатата за 1973 година изнесува 150 динари. Овој број чини 3 динари. Жиро сметка бр. 401-1-16

80.

Во смисла на член 137, алинеја 2 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, а во врска со точка 10 став 2, од делот „Натамошен пораст на животниот стандард во согласност со политиката на стабилизацијата“ од Резолуцијата за основите на политиката на општествено-економскиот развој на СР Македонија во 1973 година, Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Републичкиот собор, одржана на 27 февруари 1973 година, и на седницата на Социјално-здравствениот собор, одржана на 27 февруари 1973 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА АКЦИОНА ПРОГРАМА ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА САНИТАРНО-ХИГИЕНСКАТА И ЕПИДЕМИОЛОШКАТА СОСТОЈБА ВО СРМ ВО 1973 ГОДИНА

I

Во текот на 1973 година ќе продолжи спроведувањето на мерките и дејностите насочени кон решавање на најприоритетните проблеми во подобрувањето на санитарно-хигиенската и епидемиолошката состојба во СРМ со што ќе продолжат дејностите и мерките кои беа планирани и кои се започнати во 1971 година кога почна да се реализира Акционата програма.

Во текот на 1973 година се предвидува следниот обем на работи по задачи:

II

Значително намалување на морбидитетот од цревен тифус, паратифус, дизентерија и заразна жолтица преку подобрување на хигиенските прилики, првенствено со решавање на водоснабдувањето и отстранувањето на отпадните води и материи.

Во текот на 1973 година ќе се пристапи кон обезбедување доволни количества хигиенски исправна вода за пиење во определен број селски населби. Како критериум за приоритет при партиципацијата на Републиката во изградба на водоводите ќе се земат критериумите предвидени со тригодишната програма.

Собранијата на општините ќе учествуваат во оваа акциона програма и треба да изготват свои програми, усогласени со републичката.

Во текот на 1973 година се предвидува Републиката да учествува во изградбата на 72 селски водоводи во 30 општини, со околу 150 км. цевки од соодветни материјали. Договарањето со општинските собранија за доделување на помошта, дистрибуцијата на цевките, како и стручната помош во планирањето и реализацијата на програмата за изгадба на селски водоводи ќе се врши преку Републичкиот завод за здравствена заштита. Санитарниот надзор при изградбата ќе се врши преку овластени републички санитарни инспектори вработени во Републичкиот завод, а по овластување од главниот републички санитарен инспектор согласно Законот за санитарна инспекција, во соработка со општинските органи за санитарна инспекција која е директно надлежна.

Паралелно со водоснабдувањето, како вонредно важна мерка за спречување на појавата и ширењето на цревните заразни болести ќе се решава отстранувањето и крајната диспозиција на фекалните отпадни материи. Заради поефикасна примена на донесените одлуки на општинските собранија за изградба на хигиенски ѓубришта и клозети во населбите или делови од населбите без канализација, собранијата на општините ќе треба да предвидат услови и можности за изградба на овие објекти според одлуките.

Учеството на Републиката во изградбата на водоводите по селата ќе се условува со реализацијата на донесените одлуки во врска со изградбата односно реконструкцијата на клозетите и ѓубриштата.

За намалување на морбидитетот ќе се преземат следните мерки:

— задолжително пријавување и евиденција на сите заболувања, рано и активно изнаоѓање на болните, лабораториска дијагностика, епидемиолошка анкета, дезинфекција во жариштата, здравствено просветување.

За епидемиско заболување задолжително треба да биде известен, по најбрз пат, Републичкиот завод за здравствена заштита — Скопје.

Покрај овие општи мерки што важат за сите цревни заразни заболувања, како посебни мерки ќе се преземаат:

За цревниот тифус и паратифус:

— задолжителна хоспитализација,

— имунизација според епидемиолошката индикација,

— систематско испитување на клицоносителите, на преболените, евиденција и надзор над трајните клицоносители, како и испитувања на клицоносителство на контактите од болните.

За заразната жолтица:

— задолжителна хоспитализација.

Покрај редовните дејности против цревните заразни болести предвидени со Законот за заразните болести во текот на 1973 година ќе се извршуваат посебни епидемиолошки испитувања и дејности.

Се предвидуваат подетални годишни анализи за состојбата и движењето на цревните зарази во Републиката, систематско испитување на клицоносителството на салмонели и шигели во 6 градови (Скопје, Куманово, Тетово, Струмица, Битола и Охрид) кај деца од училишна возраст, како и систематско одредување на бактерии од фекално потекло на прстите од рацете кај тие деца.

На овој начин цревните заразни заболувања ќе се стават под зајакнат епидемиолошки надзор, ќе се добијат податоци за пејсажот на типовите на цревните инфекции и ќе се даде проценка на фекалната контаминација на рацете кај училишните деца, сè со цел за откривање на доминантните патишта на ширење на цревните зарази заради поуспешно нивно сузбивање.

Со епидемиолошките испитувања се предвидува да се опфатат околу 1.050 деца 4 пати во текот на 1973 година.

III

Следење на санитарната состојба на површинските води и водотеци во СРМ, следење на проблемот на аерозагадувањето во населби каде што постои опасност од индустриско загадување на атмосферата.

Во текот на 1973 година Хигиенско-епидемиолошкиот одред Скопје ќе ја следи санитарната состојба на површинските води и водотеци и тоа: река Вардар со притоките — Црна со Драгор и Брегалница, Пчиња, Треска и Лепенец — како главен репициент на отпадни води од населбите и индустријата во Републиката, реките Струмешница и Радика, природните и вештачките езера: Охридско, Преспанско, Дојранско, Дебарско и Мавровско.

На точно определени профили — спротиводно и низводно од главните загадувачи (населби и индустриски објекти), на местата каде што се вливаат главните притоки, како и места кои се користат за туризам и рекреација, ќе се земаат систематски примероци за физикохемиска и микробиолошка анализа, а за реката Вардар на сите профили и примероци за вкупната бета радиоактивност. Вакви систематски примероци од сите профили ќе се земаат во текот на 1973 година четири пати, т. е. во сите годишни сезони по еднаш. Испитувањата ќе се вршат по стандардни методи, а според Правилникот за опасните материи кои не смеат да се внесуваат во води („Службен лист на СФРЈ“ бр. 3/66). Освен наведените, на реката Вардар вакви систематски примероци ќе се земаат и ќе се анализираат по истата методологија секој месец на следните профили: Драчево, под Титов Велес, Криволак и кај Гевгелија.

Резултатите од извршените испитувања ќе му бидат презентирани на Републичкиот секретаријат за здравство и социјална политика, заради предлагање и преземање на потребните мерки.

За подобрување на санитарно-хигиенската положба во загрозените населби од индустриско загадување на атмосферата, општинските собранија во текот на 1973 година треба да ја организираат службата за контрола на чистотата на воздухот или на друг начин да обезбедат вршење на контрола на чистотата на воздухот над својата територија. Контролата ќе се врши по стандардните методи што се применуваат во нашата земја, т. е. регистрирање на таложниот прав во седиментатори, а лебдечката прашина, чадот и сулфурдиоксидот — со гасомери.

Републичкиот завод за здравствена заштита — Скопје и хигиенско-епидемиолошката служба ја вршат контролата на чистотата на воздухот во Скопје, Титов Велес и Битола со наведените методи. Со методата за мерење таложната прашина ќе се определува на 10 мерни места во Скопје, 5 во Битола и 4 во Титов Велес. Со методата на гасомери ќе се следи секојдневниот просек на чадот и сулфурдиоксидот на три мерни места во Скопје, а по две во Титов Велес и Битола.

На крајот на годината ќе се изготви билтен за движењето на аерозагадувањето, кој ќе му биде презентиран на Републичкиот секретаријат за здравство и социјална политика како и на општинската служба за контрола на чистотата на воздухот со цел да се донесат и спроведат потребните мерки.

IV

Започнување на процесот на ерадикација на дифтеријата, детската парализа и тетанусот кај новороденчињата, како и значително намалување на морбидитетот од голема кашлица.

Со Акционата програма во текот на 1973 година ќе продолжи процесот на искоренување на дифтеријата, детската парализа и тетанусот кај новороденчињата, како и значително намалување на големата кашлица.

Имунизацијата против заразните заболувања ќе се врши според програмата за задолжителна имунизација што ја донесе Републичкиот секретаријат за здравство и социјална политика.

Во текот на 1973 година ќе продолжи ревизијата на картотеките за имунизација, како и книгите за евиденција на лицата кои подлежат на имунизација и да се обезбеди опфаќање на пропуштените лица што подлежат на задолжителна имунизација.

Исто така ќе се врши контрола на спроведувањето на задолжителната имунизација.

Детска парализа

При појава на заболување од детска парализа или сомневање во неа ќе се преземат следните мерки:

— пријавување на заболувањето до Републичкиот завод за здравствена заштита по телеграфски пат во рок од 24 часа од поставувањето на клиничката дијагноза за заболување или сомневање во него,

— хоспитализација на болните и сомнителните во Клиниката за заразни болести — Скопје или стационарна установа со специјализиран кадар и опрема,

— задолжителна вирусолошка и серолошка дијагностика,

— епидемиолошка анкета,

— испитувања на имунизацијата во општините каде што се појавува ова заболување, и

— вирусолошки преглед на здравите деца.

Со Програмата за имунизација се предвидува да бидат опфатени децата кои стасале за имунизација редовно според календарот за имунизација како и одреден број според епидемиолошките индикации во местата каде што имунизацијата досега била запоставена или пак ова заболување се појавило во епидемиска форма.

Епидемиолошките испитувања ќе ги опфатат:

а) вирусолошките прегледи за поставување на дијагноза (изолација на вирус на полио, ЕКНО и коксаки) од околу 40—50 болни или сомнителни на детска парализа и парни серуми од нив за серолошка дијагноза. За испитување на антителата кај вакцинираните ќе бидат опфатени околу 500 деца во населбите каде што вакво заболување ќе се регистрира. Исто така, ќе се зема материјал за изолација на вирус на детска парализа кај здравите деца во општините (населбите) каде што ќе се регистрираат заболувања при што ќе бидат прегледани околу 60 материјали,

б) епидемиолошката анкета на сите болни и сомнителни болни, што ќе биде извршена од лекар-специјалист — епидемиолог.

Дифтерија

При појава на заболување на дифтерија или сомневање во тоа ќе се преземат следните мерки:

— пријавување на заболувањето во Републичкиот завод за здравствена заштита — Скопје, телеграфски во рок од 24 часа од поставувањето на клиничката дијагноза за заболувањето или сомневањето во него,

— хоспитализација во одделение за заразни болести,

— задолжителна бактериолошка дијагноза,

— епидемиолошка анкета,

— рано и активно откривање на болните,

— испитување на клицоносителите и осетливоста на дифтеријата (Шикова проба) на средината во која се појавило заболувањето, односно контакти,

— по потреба, ако за тоа постојат индикации, ќе се изврши имунизација и на децата постари од

8 години кои претходно ќе се тестираат со Шикова проба.

Со Програмата за имунизација се предвидува да бидат опфатени децата кои стасуваат редовно, според календарот за имунизација. Според епидемиолошките индикации ќе бидат опфатени и околу 2.000 деца. Во општинските програми ќе бидат предвидени и лицата кои подлежат на имунизација и кои се пропуштени во претходните години.

Епидемиолошките испитувања ќе опфатат:

а) бактериолошки преглед на материјали (брис од грло и нос) од околу 60 болни или сомнително болни од дифтерија. Исто такви прегледи ќе бидат извршени на околу 600 лица од околината на болните (контакти) односно од средината каде што се појавило заболувањето,

б) епидемиолошката анкета на сите болни или сомнителни ќе биде извршена од лекар-специјалист — епидемиолог. Околу 1.000 лица од околината на болните, односно колективот каде што се појавило заболувањето, ќе бидат тестирани за осетливоста на дифтеријата според пробата на Шик.

Голема кашлица

При појава на заболувањето задолжително ќе се врши следното:

— пријавување на заболувањето во Републичкиот завод за здравствена заштита по телеграфски пат,

— задолжителна бактериолошка дијагноза,

— епидемиолошка анкета,

— рано и активно откривање на болните.

Со програмата за имунизација се предвидува да бидат опфатени децата кои стасуваат редовно според календарот за имунизација, како и пропуштените од претходните години.

Епидемиолошкото испитување опфаќа:

а) бактериолошки преглед на материјали за околу 400 болни и сомнително болни од голема кашлица при појава на епидемија или спорадични случаи,

б) епидемиолошката анкета за сите болни ќе се врши од страна на лекар.

Во спроведувањето на мерките против дифтеријата, детската парализа и големата кашлица ќе учествуваат здравствените работни организации и органите надлежни за здравствена заштита. За обезбедување на материјалните и кадровските услови потребно е да се ангажираат и општествено-политичките заедници како што е предвидено во програмата 1973—1975 година.

V

Унапредување на хигиено-епидемиолошката дејност и санитарно-инспекциските служби

Во текот на годината ќе продолжат активностите по однос на обезбедувањето лекари и соодветен број средномедицински кадар во сите хигиено-епидемиолошки дејности при здравствените работни организации.

Републичкиот завод за здравствена заштита — Скопје и Комисијата за епидемиологија и хигиена ќе укажуваат помош, а посебно во онаа здравствена работна организација каде што нема специјалистички кадар.

Исто така ќе продолжи и доследното спроведување на Законот за санитарна инспекција по однос на обезбедувањето соодветен кадар во општинските служби за санитарна инспекција за вршење на оваа дејност.

За стручното оспособување на овој кадар ќе се организираат советувања.

Советувањето ќе го организира Републичкиот завод за здравствена заштита — Скопје во соработка со Хигиено-епидемиолошкиот одред — Скопје, Републичкиот санитарен инспекторат и Медицинскиот факултет.

VI

Комисија за епидемиологија и хигиена

Во текот на 1973 година Комисијата ќе продолжи да укажува стручна помош при изготвувањето на општинските акциони програми, како и ќе врши контрола на спроведувањето на мерките од Акционата програма.

VII

Финансирање на програмата

Програмата ќе се финансира од Републичкиот буџет, Републичкиот фонд за води, од Сојузот на заедниците на здравственото осигурување на работниците и од општините.

Републиката со свои средства ќе партиципира во финансирањето на оваа акциона програма.

Висината на партиципацијата на Републиката ја одредува Комисијата за следење спроведувањето на Акционата програма, формирана од Републичкиот секретаријат за здравство и социјална политика.

За остварување на оваа програма, Републиката ќе партиципира со износ од 2.400.000 динари од буџетот на Републиката, Републичкиот фонд за води со износ од 1.000.000 динари и Сојузот на заедниците на здравственото осигурување со износ од 1.000.000 динари.

VIII

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден по објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 1973 година.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 03-641
28 февруари 1973 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
Никола Минчев, с. р.

81.

Врз основа на член 10 став 1 од Законот за здравство, Собранието на СРМ, на седницата на Републичкиот собор, одржана на 27 февруари 1973 година и на седницата на Социјално-здравствениот собор, одржана на 27 февруари 1973 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ПРОГРАМА ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА НАСЕЛЕНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 1973 ГОДИНА

I

Со цел да се одредат приоритетните здравствени проблеми, да се спроведат соодветните мерки и да се постигнат одредени резултати со оваа одлука се утврдува програмата за здравствена заштита на населението во Социјалистичка Република Македонија во 1973 година.

II

Основни демографски карактеристики

Појдовна основа за согледување на здравствената состојба на населението претставуваат демографските карактеристики. Со не помало значење се и другите показатели: распространетост на населението на км², бројот на населените места, бројот на семејствата и членовите во семејствата, од-

носно градско-селско население, националниот состав и вероисповеста, обичаите, нивото на општата и здравствената култура, вработеноста, миграционите движења, комуникациите и др.

Стапката на наталитетот во 1967 година е 26,2 промили, а во 1971 година изнесува 22,9 промили или за 3,3 промили е намалена. Во истиот (петгодишен) период стапката на морталитетот изнесува во 1967 8,1 промили, а во 1971 7,5 промили или за 0,6 промили се намалила. Стапката на природниот прираст на населението во СР Македонија била 18,1 промили, во 1967 година, а 15,4 промили во 1971 година или се намалила за 2,7 промили, што значи има тенденција на опаѓање. За последните 5—6 години населението во СР Македонија се зголемувало просечно за околу 29.000 жители годишно.

Стапки на природното движење на населението во СР Македонија во 1967 и 1971 година

Година	Наталитет	Мортиналитет	Морталитет	Морталитет на доенчиња	Природен прираст
1967	26,2	1,3	8,1	97,7	18,1
1971	22,9	1,2	7,5	82,2	15,4

Една од демографските карактеристики и во периодот 1967—1971 година е мошне високата стапка на смртност на доенчиња која во 1967 година изнесувала 97,7 промили, а во 1971 82,2 промили, или е намалена за 15,5 промили. На високата стапка на смртноста на доенчиња, посебно влијание имаат седумте општини кои беа опфатени со акционата програма за намалување на смртноста на доенчиња (Тетово, Гостивар, Дебар, Кичево, Македонски Брод, Струга и Куманово) во кои сè уште оваа стапка е далеку над републичкиот просек (82,2 промили).

И во овој период се забележуваат промени во возрасната структура на населението во СР Македонија, кои се изразуваат во бавното намалување на групацијата од детска возраст и релативно зголемување на групацијата од работоспособното население, со истовремено зголемување на возрасната групација над 65 годишна возраст.

Здравствена состојба на населението

При програмирањето на здравствената заштита, еден од поважните фактори кој треба да биде претходно анализиран и земен предвид е здравствената состојба на населението. За таа цел се користени податоците за заболувањата и состојбите утврдени во амбулантно-поликлиничките и диспанзерските здравствени работни организации.

Заболувањата и состојбите утврдени во општите и специјалистичките ординации во нашата Република во последните 5 години, во својата структура покажуваат незначителни промени. Заболувањата на респираторниот систем, веќе низа години го заземаат првото место, во 1967 година со 23 отсто, а во 1971 година со 26,3 отсто. Заболувањата на дигестивниот систем кои во 1967 година беа на второ место со 11,8 отсто во 1971 година го заземаат третото место со 10,9 отсто, а потоа следуваат нервните и душевните заболувања со 9,5 отсто односно 11,2 отсто во 1971 година и се наоѓаат на второ место во оваа структура. Меѓу првите десет групи на заболувања во овој период се наоѓаат уште кардиоваскуларните заболувања, заболувањата на мускулно-коскениот систем, на чулата, на кожата и поткожното ткиво, грипот, на урогениталниот систем итн.

За одбележување е што во последните години, кардиоваскуларните заболувања бележат постојано покачување и заземаат високо место (IV) во структурата на заболувањата, па се наметнуваат како сериозен проблем пред здравството, а особено ургентното решавање на одделни случаи како што се: инфарктот на миокардот, исхемијата на срце и др.

Повредите на работа и надвор од работа, особено сообраќајните, се во постојано покачување и се наоѓаат меѓу првите 10 групи во структурата на заболувањата и состојбите утврдени во општите и специјалистичките ординации, додека кај предучилишните и училишните деца тие заземаат едно од погорните места во оваа структура.

Малигните неоплазми, иако не се наоѓаат меѓу првите 10 групи на заболувања, се во перманентно покачување, било како случаи регистрирани во амбулантно-поликлиничките здравствени работни организации, било како лекувани во болничките одделенија. Особено е важно големото учество на умрените од малигни неоплазми, така што тие веќе го заземаат IV место (1971 година) во структурата на умрените во нашата Република.

Во структурата на заболувањата и состојбите, во 1971 година сè повидно место заземаат шеќерната болест и другите хронични и дегенеративни заболувања кои покажуваат постојан пораст во апсолутни бројки и се во врска со зголеменото учество на возрасната група над 60 годишна возраст.

Акутните заразни заболувања во последните години бележат видно опаѓање. Но, во 1971 година забележуваме покачување на бројот на некои акутни заразни заболувања за кои не постојат специфични заштитни мерки — вакцинации и на кои неповолната хигиенско-епидемиолошка средина, во повеќе места во Републиката, благопријатно влијае на нивното постоење и ширење во вид на мали епидемии.

Вкупниот број на регистрирани болни од туберкулоза и во 1971 година бележи опаѓање, но поголем е бројот од претходната година на регистрираните болни од белодробна туберкулоза и вкупно новорегистрираните болни од сите форми на туберкулоза, така што ова заболување и понатаму останува да биде еден од приоритетните социјално здравствени проблеми во Републиката.

Од гинеколошките заболувања регистрирани во ординациите за жени, како најчести ги сретнуваме: неправилностите на менструацијата, воспаленијата на гениталните органи, стерилитетот кај жената, заболувањата на мочниот меур и др. што најчесто се должат на зголемениот број абортуси и ненавремената контрола и посети во советувалиштата за жени, пораѓање надвор од здравствените работни организации и без стручна помош.

Зголемениот апсолутен број на регистрираните заболувања и состојби кај предучилишните деца е во директна врска со проширувањето на мрежата и кадарот за обезбедување на нивната здравствена заштита со што е подобрена опфатеноста на заболените деца. Како најчести заболувања регистрирани во ординациите за предучилишни деца и во 1971 година ги сретнуваме: заболувањата на респираторниот систем 59,6 отсто, на дигестивниот систем 8,1 отсто, заразните и паразитарните заболувања со 7,4 отсто кои бележат лесно покачување итн.

Во структурата на морбидитетот кај училишните деца во последните 5 години други позначајни промени не се забележуваат, освен покачувањето на бројот на регистрираните заразни и паразитарни заболувања во соодветните ординации кои во 1971 година се на II место со 7,6 отсто.

Заболувањата и состојбите кај работниците, со сите свои специфичности (повреди, туберкулоза, професионалните заболувања, оштетувања и др.) и понатаму се наоѓаат меѓу првите причини за големото отсуство од работа, инвалидноста односно трајната неспособност за работа и им прават големи материјални загуби на работните организации и општеството.

Најчести заболувања, во последните 5 години, регистрирани во забо-здравствените организации се:

кариесот кој се наоѓа на I место со 85 отсто до 96 отсто, општата кариес фрекфенца, заболувањата на устата и забите, забновиличните аномалии, парадентопатиите и др., кои негативно влијаат на општата здравствена состојба на населението и ја намалуваат неговата работоспособност и продуктивност.

Неповолната хигиенско-епидемиолошка состојба во нашата Република, во 1971 година сè уште се огледа во лошата состојба на водоснабдувањето, особено во селските населени места, нехигиенскиот начин на отстранувањето и крајната диспозиција на отпадните и фекалните материи, градењето станови во селата без минимум хигиенски комфор, лошите микроклиматски услови во одделни работни организации, неправилната исхрана, нерешените проблеми на училишната хигиена, големиот број познати и непознати клицоносители и ниската општа и здравствена просветеност на населението.

Организација на здравствената дејност

Во обезбедувањето на здравствената заштита на населението во нашата Република, преку своите дејности учествуваат следните здравствени работни организации: здравствените домови, болниците, медицинските центри, заводите за здравствена заштита, специјалните заводи и институти, аптеките и природните лекувалишта.

Најголем број од населението ја користи амбулантно-поликличката и диспанзерската дејност на здравствената заштита што се обезбедува преку ординациите за општа медицина, диспанзерите за деца, за жени, за ученици, противтуберкулозните диспанзери, установите на медицината на трудот и др.

Од почетокот на 1972 година почнаа да се применуваат задолжителните видови на здравствена заштита, така што во првото полугодие, забележуваме зголемување на обемот на работата (број на прегледи и др.) извршена во амбулантно-поликличките и диспанзерските здравствени работни организации. Во организационите единици за општа медицина, во споредба со првото полугодие на 1971 година, ова зголемување изнесува 6,4 отсто, во медицината на трудот 3,7 отсто, во дејноста за заштита на предучилишните деца 4,9 отсто итн. Ова зголемување на обемот на работата не е видно поголемо, поради тоа што во тој период здравствените работници и здравствените работни организации беа максимално ангажирани во спречувањето т. е. преземањето мерки за да не се внесе големата сипаница во нашата Република.

Иако во последните години со интеграцијата на здравствените работни организации се создадени услови за обезбедување здравствена заштита според потребите на населението на поширокото подрачје, сè уште е присутна недоволната застапеност на медицинските единици на село, како за општа медицина, така и за забоздравствената заштита. Во прилог на ова зборува и фактот, што во 1971 година од вкупно 1.494 лекари само 99 обезбедуваат здравствена заштита на селското население со постојана работа во 83 селски населени места и во 156 села со повремена работа. Уште полоша е состојбата за обезбедување на специјалистичка медицинска помош.

За подиференцирано и високо специјализирана здравствена заштита се користат стационарните здравствени работни организации, во кои последните неколку години се лекувани 4 отсто од вкупно лекуваните во амбулантно-поликличките и диспанзерските работни организации.

Законот за здравство обезбедува услови за развој на организационите единици од областа на превентивната медицина, кои по интеграцијата имаа поголем застој во својот развој и се најдоа во понеповолна положба наспроти другите дејности во медицинските центри во смисла на обезбеденост со високостручен кадар и соодветна опрема.

Во повеќе медицински центри и здравствени домови организационо постојат дејности за патронажа, домашно лекување и итна медицинска помош, но тие недоволно се обезбедени со соодветен медицински кадар и опрема.

Забоздравствената заштита што се обезбедува преку ординациите за забоздравство се карактеризира со поголема застапеност во поголемите центри и градови, а истовремено недоволно е обезбедена со високостручен кадар и не е ориентирана кон активен метод на работа, иако во последните пет години се направени усилби за нејзиното подобрување.

Здравствените работни организации и нивните организациони единици кои вршат дејност на собирање крв, не се доволно обезбедени со високостручен кадар и соодветна опрема. Проблемот на крводарителството станува поактуелен, бидејќи постои намалување на бројот на дарителите на крв, наспроти зголемените потреби, имајќи ги предвид зачестеноста на сообраќајните повреди и другите медицински интервенции за кои се потребни поголеми количества крв.

Дејноста за снабдување со лекови и санитетски материјали што се врши преку аптеките и нивните организациони единици, како самостојни или во состав на медицинските центри и здравствените домови, бележи успех со изградба на соодветни простории и набавување опрема, но сè уште се присутни неадекватни, несовремени и нефункционални простории. Во однос на кадровската опременост постои недостиг од дипломирани фармацевти.

III

Приоритетни здравствени проблеми

Од напредизнесената состојба и досегашните анализи и согледувања на демографските карактеристики, здравствената состојба на населението, санитарно-хигиенските услови на средината, раширеноста на мрежата, организацијата, обезбеденоста со кадар и опрема на здравствените работни организации како и динамиката на економските можности на општествено-политичките заедници, зацртани во општествениот план за развој на Републиката, како приоритетни здравствени проблеми кои треба и во 1973 година да се решаваат се:

1) заболувањата и високата смртност на доенчињата и малите деца,
2) акутните заразни заболувања,
3) неповолната хигиенско-епидемиолошка состојба на средината во која живее и работи населението (несанирана средина),
4) ниското ниво на здравствената просветеност и култура на населението,
5) професионалните заболувања, оштетувања и повреди,
6) заболувањата од малигните неоплазми,
7) заболувањата од туберкулоза и
8) крводарителството.

1. Заболувања и висока смртност на доенчињата и малите деца

Кај заболувањата и високата смртност на доенчињата во нашата Република, во последните 5 години се постигнати резултати во нивното намалување, но сè уште е на високо ниво смртноста на доенчињата која во 1971 година изнесува 82,2 промили. Во споредба со вкупно умрените, во истиот период, се забележува видно намалување на учеството на умрените доенчиња.

	1967	1968	1969	1970	1971
Морталитет на доенчињата	97,7	88,6	91,4	87,9	82,2
Умрени доенчиња	31,8	28,5	28,1	26,8	25,0

За решавање на овој приоритетен здравствен проблем, покрај другите мерки што ги преземаат општествено-политичките заедници и здравствените работни организации, ќе продолжи спроведувањето на Акционата програма за намалување на заболувањата и високата смртност на доенчињата и малите деца.

Во спроведувањето на предвидените мерки со акционата програма и на другите мерки надвор од неа ќе учествуваат: Заводот за здравствена заштита на мајки и деца, клиниките на Медицинскиот факултет, Републичкиот завод за здравствена заштита, медицинските центри и здравствените домови, општествено-политичките заедници и др.

2. Акутни заразни заболувања

Акутните заразни заболувања во нашата Република остануваат приоритетен здравствен проблем и понатаму, поради сè уште нерешените, во одделни региони хигиено-санитарни проблеми на средината во која живее и работи населението, така што постои потенцијална опасност за нивно ендемично, а повремено и епидемично ширење. Заразните заболувања против кои се вршат соодветни вакцинации и ревакцинации покажуваат видна тенденција на опаѓање.

Како проблеми пред здравството се наметнува и опасноста од внесувањето на карантинските и тропските заболувања од земјите на Азија и Африка.

Сегашната состојба на акутните заразни заболувања, раширеност, компликации, смртност и др. и делумно нерешените хигиенско-епидемиолошки проблеми, наметнуваат доследно спроведување на мерките предвидени со законските прописи за спречување и сузбивање на заразните заболувања и мерките предвидени со Акционата програма за подобрување на хигиенско-епидемиолошката состојба, со што ќе се постигнат одредените цели.

Во спроведувањето на мерките за спречување и намалување на акутните заразни заболувања ќе учествуваат: општествено-политичките заедници, Републичкиот завод за здравствена заштита, Хигиено-епидемиолошкиот одред при Скопската воена област, санитарно-инспекциските служби и сите други здравствени и други заинтересирани работни организации.

3. Неповолна хигиенско-епидемиолошка состојба на средината во која живее и работи населението

Наспроти брзата урбанизација, со која се решаваат повеќе хигиено-санитарни проблеми во градовите на нашата Република, сè уште постојат региони во кои тие не се решени, особено по периферииге на градските населби и селските населени места, со сите свои карактеристики, постоење на биолошки, хемиски и физички шокси и загадувања кои негативно влијаат врз здравствената состојба на населението.

За подобрување на хигиенско-епидемиолошката состојба, во Републиката ќе продолжи спроведувањето на Акционата програма за подобрување на хигиенско-епидемиолошката состојба во која се одредени сите мерки по вид, обем и начин на извршување.

Во спроведувањето на Програмата и другите мерки за санирање на средината ќе учествуваат: Републичкиот завод за здравствена заштита, Хигиено-епидемиолошкиот одред при Скопската воена област, санитарно-инспекциските служби, хигиено-епидемиолошките одделенија и другите дејности во медицинските центри и здравствените домови, општествено-политичките заедници и другите заинтересирани органи и организации.

4. Ниско ниво на здравствената просветеност и култура на населението

За изнесената здравствена состојба како и проблемите кои произлегуваат од неа, голем придонес има ниското ниво на здравствената просветеност и култура на населението, и присутноста на лошите навики, обичаи и обреди за зачувување на здравјето, што има директно влијание врз составот и редоследот на приоритетните здравствени проблеми во нашата Република.

Со цел за подигање на здравствената просветеност и култура на населението и промена на лошите навики и обичаи за здравјето, потребна е постојана програмирана здравствено-просветна активност од сите профили на здравствените работници и здравствените работни организации.

Здравствено-воспитната дејност треба да се одвива преку соодветните видови и обем на мерки кои ќе бидат насочени кон изнесените приоритетни здравствени проблеми во општините и Републиката.

Во спроведувањето на мерките ќе учествуваат: Републичкиот завод за здравствена заштита, Заводот за здравствена заштита на мајки и деца, здравствените работни организации, општествено-политичките заедници, Црвениот крст, училиштата и други органи и организации заинтересирани за оваа дејност.

5. Професионални заболувања, оштетувања и повреди на работа и надвор од работа

Професионалните заболувања, оштетувања и повреди на работа имаат едно од приоритетните места во здравствената заштита, бидејќи нивниот број е во пораст и повеќе индустриски капацитети во технолошкиот процес користат сè поголем број разни материи кои можат штетно да влијаат врз здравјето на работниците. Стопански гранки во кои има повеќе професионални штетности и можност за повреди, релативно нерешени услови на работното место, микроклиматски услови, запрашеност и др. се индустријата и рударството во кои работат околу 30 отсто од вкупно вработените во Републиката. Поради сè поголемата примена на техничките средства и хемизацијата во земјоделството како проблем се јавуваат оштетувањата и повредите кај земјоделските работници.

За подобрување на здравствената состојба и здравствената заштита на работниците, потребно е натамошно согледување на морбогените и трауматогените фактори и преземање на сите мерки за нивно рано откривање, спречување, отстранување, лекување и рехабилитација.

Во спроведувањето на мерките ќе учествуваат: Републичкиот завод за здравствена заштита, Институтот за медицина на трудот и техничка сигурност при Рудници и железарница — Скопје, здравствените станици во работните организации, дејностите на медицината на трудот во медицинските центри и здравствените домови, здравствените и други работни организации заинтересирани за здравствената заштита на работниците како и општествено-политичките заедници.

6. Заболувања од малигни неоплазми

Во последните години и во нашата Република се забележува тенденција на покачување на бројот на заболените и умрените од малигни неоплазми, што претежно се должи на зголемениот број на канцерогените фактори во надворешната средина, брзиот развој на урбанизацијата, индустријализацијата, сообраќајот, покачувањето на животниот стандард, продолжувањето на просечниот век на живеење т. е. зголемување на бројот на населението од постарите возрасни групи и др.

Непостоењето на законски прописи и неизвршувањето на обврските за пријавување на малиг-

ните неоплазми во Републиката регистар за рок од страна на здравствените работни организации, доведува до нецелосен увид на проблемот од малигните неоплазми, што неминовно бара итно донесување на законски прописи и доследно извршување на обврските за пријавување.

Непостоењето на современа организација на онколошката служба наложува во 1973 година итно отварање на минимум три онколошки диспанзери во поголемите медицински центри, кои би вршеле функција на регионални диспанзери и стручно усовршување на лекарите од општа медицина за рана детекција, дијагностика и современо третирање на малигните неоплазми.

Во спроведувањето на мерките ќе земат учество: Институтот за радиологија и онкологија, клиниките при Медицинскиот факултет, Републичкиот завод за здравствена заштита, сите здравствени работни организации, општествено-политичките заедници и други заинтересирани органи и организации.

7. Заболувања од туберкулоза

Туберкулозата во нашата Република сè уште претставува социјално-медицински проблем поради нејзината раширеност меѓу активното население (20—59 години), долгото лекување, отсутноста од работа, инвалидноста што има големи економски реперкусии во семејството и општеството.

Мерки кои треба да се преземат за рано откривање, спречување и сузбивање на туберкулозата се: систематски и флуорографски прегледи, контрола и следење на лицата во контакт, тестирање, вакцинирање, ревакцинирање, задолжителна хоспитализација и изолација на болните од активна туберкулоза, патронажни посети, здравствено просветување и др.

Во спроведувањето на мерките ќе учествуваат: Институтот за туберкулоза на СРМ, специјалните болници, АТ диспанзерите и другите дејности во здравствените работни организации, општествено-политичките заедници и другите органи или организации заинтересирани за решавање на заболувањата од туберкулоза.

8. Крводарителство

Потребите од крв и во 1973 година ќе бидат уште поизразени, особено во поголемите здравствени работни организации, поради зголемениот број на хируршки интервенции од повредите на работа, надвор од работа, сообраќајните несреќи и другите медицински интервенции, од една, и намалувањето на бројот на доброволните даватели, од друга страна.

За подобрување на крводарителството и обезбедувањето на потребните и резервните количества крв и крвни деривати за редовни и вонредни прилики, во сите општини да се обезбедат доволен број даватели на крв околу 3 отсто од населението, современо опремување на организационите единици за трансфузиологија, оспособување и специјализирање на лекарскиот и средномедицинскиот кадар за работа во оваа дејност. Здравствените работни организации во соработка со општествено-политичките заедници и другите заинтересирани да изработат годишни програми за собирање крв и обезбедување крвни деривати.

Во спроведувањето на мерките ќе учествуваат: Институтот за трансфузиологија и хематологија, медицинските центри и здравствените домови со соодветните и другите дејности, општествено-политичките заедници и други заинтересирани органи и организации.

IV

Цели што треба да се постигнат

Со извршувањето на програмата за здравствена заштита на населението треба да се постигнат следните цели:

— зачувување и унапредување на здравјето со што ќе се подобри здравствената состојба на населението,
— намалување на заболувањата и умирањата на доенчињата и другото население,
— спречување и сузбивање на акутните заразни заболувања,
— подобрување на хигиенско-епидемиолошката состојба на средината во која живее и работи населението,
— подигање нивото на здравствената просветеност и култура на населението,
— подобрување на здравствената состојба на работниците и обезбедување на општа и специфична здравствена заштита на оние работни места каде што постојат можности за професионални заболувања и оштетувања,
— доближување на здравствената дејност до селското население,
— рано откривање и лекување на малигните, кардиоваскуларните, ревматичните, душевните заболувања, шеќерната болест и др.,
— спречување и сузбивање на туберкулозата,
— обезбедување поефикасна и специфична здравствена заштита на населението над 60 годишна возраст,
— подобрување и унапредување на организацијата на здравствените работни организации и нивната дејност.

V

Финансирање на здравствената заштита во 1973 година

Програмата за здравствена заштита на населението во 1973 година со програмите на заедниците на здравственото осигурување на работниците и земјоделците, програмите на општините и програмата за спроведување на задолжителните видови здравствена заштита на населението, обезбедуваат извршување на задачите од областа на здравствената заштита на населението, при што со тие програми е утврден обемот на здравствената заштита и средствата потребни за нивното реализирање.

Основни извори, од кои ќе се финансира здравствената заштита на населението се:

— Фондот за здравствено осигурување на работниците,
— Фондот за здравствено осигурување на земјоделците,
— од буџетите на Републиката и општините,
— од работни организации,
— од граѓанскоправни лица и
— приходи од други извори (други корисници и услуги, од научно-истражувачка работа и други приходи).

Со Резолуцијата за основите на политиката на општествено-економскиот развој на СР Македонија во 1973 година се предвидува зголемување на општествениот производ за околу 8 отсто. Финансирањето на Програмата за здравствена заштита за 1973 година ќе се врши во рамките на номиналниот пораст на расходите на буџетите кои ќе се движат до 10 отсто, а нивото на расходите за здравствена заштита ќе се движи во номинален пораст до 12 отсто во однос на расходите за здравствената заштита во 1972 година во фондовите на самоуправните интересни заедници.

Покрај горните средства Републиката преку својот буџет ќе обезбеди средства за спроведување на задолжителните видови здравствена заштита на земјоделските осигуреници, како и за здравствената заштита на учесниците од НОВ кои по друг основ не се здравствено осигурени.

Ваквите предвидувања во финансирањето на здравствената заштита во 1973 година ќе овозможат да се смират тековите на потрошувачката и да се сведат во реалните материјални можности.

VI

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден по објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“, а ќе се применува од 1 јануари 1973 година.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 03-638
28 февруари 1973 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
Никола Минчев, с. р.

82.

Во смисла на член 137, алинеја 2 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, а во врска со точка 10, став 2 од делот „Натамошен пораст на животниот стандард во согласност со политиката на стабилизација“ од Резолуцијата за основите на политиката на општествено-економскиот развој на Социјалистичка Република Македонија во 1973 година, Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата на Републичкиот собор одржана на 27 февруари 1973 година, и на седницата на Социјално-здравствениот собор, одржана на 27 февруари 1973 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА АКЦИОНА ПРОГРАМА ЗА НАМАЛУВАЊЕ ВИСОКАТА СМРТНОСТ НА ДОЕНЧИЊАТА И МАЛИТЕ ДЕЦА ВО СР МАКЕДОНИЈА ВО 1973 ГОДИНА

I

Во текот на 1973 година ќе продолжи акцијата за намалување високата смртност на доенчињата и малите деца, особено на селските подрачја поради релативно полошата здравствена состојба.

II

ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Акционата програма треба да придонесе за намалување смртноста на доенчињата во СРМ преку подобрувањето на здравствената заштита на мајките и децата т. е. преку зголемување на процентот на раѓањата со стручна помош, опфаќањето на доенчињата, предучилишните деца и жените во советувалиштата, зајакнување на патронажната служба, планирање на семејството и други превентивни дејности.

Истовремено Акционата програма треба да овозможи на селското население како целина да му се обезбеди подостапна здравствена заштита и со тоа значајно да се подобрат условите за живеење на селското население.

III

МЕРКИ ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

Здравствените работници што ќе ја спроведуваат оваа програма — лекарите, медицинските сестри и акушерките, покрај обезбедување на времено лекување на болните ќе преземаат и специјални мерки за здравствена заштита на мајките и децата и тоа:

а) За доенчињата и малите деца:

— систематски прегледи за следење на развитокот и здравствената состојба,

— давање совети по сите прашања поврзани со здравјето и развитокот на децата,

— спроведување на активна имунизација и други профилактични мерки,

— патронажна служба.

б) За училишните деца:

— систематско следење на физичкиот и психичкиот развиток и здравствената состојба на училишните деца,

— систематски прегледи на училишните деца од I, III и VII одделение на осмолетките,

— давање совети на родителите, наставниците и учениците во врска со зачувувањето на здравјето,

— здравствено воспитување.

в) За жените:

— грижа за здравјето на жените во текот на бременоста (прегледи во советувалиштата, патронажни посети, контрола на забите, лабораториски анализи и др.),

— раѓање со стручна помош — во установа или дома со бабица,

— надзор на здравјето на жената во текот на леунството (прегледи, патронажни посети, совети и др.),

— работа на планирање на семејството и упатување на жените за примена на современите методи на контрацепција,

— здравствено воспитување на жените.

IV

НИВО НА ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА И СОСТОЈБА НА МАЈКИТЕ И ДЕЦАТА ШТО ЌЕ СЕ ПОСТИГНЕ ВО СРМ ВО 1973 ГОДИНА

Врз основа на досегашното движење на показателите за здравствената состојба и заштита во последните години, Програмата за задолжителните видови на здравствена заштита и оваа програма во 1973 година во СРМ ќе биде достигнато следното ниво на здравствена заштита и состојба на мајките и децата:

1. стапката на смртноста на доенчињата ќе се намали на околу 74 промили;

2. процентот на родените со стручна помош ќе порасне на околу 68;

3. процентот на лекуваните доенчиња пред смрт ќе се зголеми на околу 68;

4. опфатот на доенчињата во советувалиштата ќе достигне ниво од околу 80 отсто;

5. опфатот на бремените жени во советувалиштата ќе достигне ниво на околу 70 отсто;

6. со систематски прегледи ќе бидат опфатени околу 80 отсто од оние што подлежат на нив;

7. патронажната служба ќе обезбеди 2,1 посети по доенче, а на бремена жена 1,8;

8. примоимунизацијата ќе биде извршена над епидемиолошкиот минимум;

9. со советувања за контрацепција ќе бидат опфатени најмалку 12 отсто од жените од фертилен период.

V

РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

За обебедување услови за побрзо опфаќање на мајките и децата со основната здравствена заштита и извршување на мерки од специфичната заштита ќе се обезбеди следното:

1. Проширување на мрежата на медицинските единици на селското подрачје со зголемување бројот на вработените здравствени работници.

2. Во текот на 1973 година здравствената заштита на селските подрачја ќе се спроведува од здравствените работници утврдени според оваа табела:

Ред. број	ОПШТИНА	Медиц. един. има 1972	Медиц. един. треба 1973	Лекари има 1972	Лекари треба 1973	Мед. сестри има 1972	Мед. сестри треба 1973	Акушерки има 1972	Акушерки треба 1973
1.	Дебар	2	2	3	4	3	3	4	5
2.	Гостивар	10	10	8	12	15	16	19	21
3.	Тетово	11	12	13	15	25	25	12	14
4.	Струга	8	8	8	8	10	10	13	15
5.	Кичево	3	4	4	5	5	6	5	7
6.	Куманово	7	9	7	9	10	11	9	12
7.	Прилеп	5	6	5	6	6	8	8	10
8.	Крушево	—	1	—	1	—	1	5	3
9.	М. Брод	2	3	3	4	4	4	6	6
10.	Охрид	3	3	3	4	2	4	3	4
11.	Скопје	19	19	24	24	24	24	18	20
12.	Виница	—	1	—	1	—	2	5	3
13.	Кочани	3	3	2	3	5	6	4	5
14.	Т. Велес	4	4	4	5	4	5	4	6
15.	Ресен	—	1	—	1	—	2	4	2
16.	Берово	—	2	—	2	7	7	3	3
17.	Делчево	1	1	1	2	6	6	3	4
18.	Св. Николе	2	2	2	3	3	3	2	2
19.	Кр. Паланка	1	2	1	2	4	5	—	3
20.	Радовиш	—	1	—	1	1	2	2	3
21.	Битола	9	10	9	10	17	17	8	8
22.	Кавадарци	1	1	1	2	2	2	7	4
23.	Неготино	1	1	1	1	1	2	4	4
24.	Штип	—	1	—	1	—	1	8	3
25.	Струмица	3	4	5	6	10	10	11	14
26.	Кратово	1	1	1	1	1	1	1	1
27.	Валандово	—	1	—	1	—	1	—	1
28.	Д. Хисар	1	1	3	3	—	2	5	3
29.	Гевгелија	2	2	2	2	6	4	2	3
30.	Пробиштип	1	1	1	1	1	2	1	2
Вкупно СРМ:		100	117	111	140	116	192	176	191

3. Обезбедување на нужните предуслови за нормална работа на екипите од лекар, медицинска сестра и акушерка.

4. Обезбедување на стручно-методолошка помош на здравствените работници од селските здравствени единици од страна на специјализираните кадри на Заводот за здравствена заштита на мајки и деца и локалните педијатри и гинеколози.

5. Следење извршувањето на плановите за работа на медицинските единици на село од страна на медицинските центри односно здравствените домови.

6. Тесна соработка на службата за здравствена заштита на мајки и деца на здравствените пунктови на село со Црвениот крст, конференциите на ССРНМ, конференциите за општествена активност на жените и сите други органи и организации што можат да придонесат за остварување на програмата.

VI

НАЧЕЛНИ ПОСТАВКИ

1. Врз основа на оваа програма, собранијата на општините треба да изготват и усвојат свои програми во кои како минимум треба да бидат застапени планираните подобрувања (зголемувања) на медицинскиот персонал на селското подрачје, а во некои општини и во самите градови.

2. Во програмите на општините треба да бидат прецизно определени изворите за финансирање.

Критериумите за партиципација на Републиката во извршувањето на акционите програми ќе бидат изработени од Републичката комисија за следење спроведувањето на акционите програми.

3. Сите медицински единици треба да бидат опремени со неопходната медицинска опрема и моторно возило според карактеристиките на теренот.

4. Здравствената заштита на населението ќе се укажува по единствена методологија т.е. ќе се применува активниот метод на здравствена заштита. Плановите за работа на сите медицински единици ќе бидат изготвени со помош на Заводот за здравствена заштита на мајки и деца.

VII

ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Програмата ќе се финансира од фондовите за здравствено осигурување и од општините. Републиката со свои средства ќе партиципира во финансирањето на оваа Акциона програма за намалување високата смртност на доенчињата во СРМ во 1973 година. Висината на партиципацијата на Републиката ја одредува Комисијата за следење спроведувањето на Акцисната програма за намалување на високата смртност на доенчињата формирана од Републичкиот секретаријат за здравство и социјална политика.

За остварување на оваа програма Републиката ќе партиципира со износ од 3.300.000 динари од буџетот на Републиката, и со износ од 2.000.000 динари од Сојузот на заедниците на здравственото осигурување на работниците.

VIII

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“, а ќе се применува од 1 јануари 1973 година.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 03-643
28 февруари 1973 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
Никола Минчев, с. р.

83.

Во смисла на член 137, алинеја 2 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, а во врска со точка 6 „Здравствена, детска и социјална заштита“, потточка 2, став 6 од делот „Политика на остварување на побрз развој“ и од Општествениот план за развој на Социјалистичка Република Македонија од 1971 до 1975 година, Собранието на СРМ, на седницата на Републичкиот собор, одржана на 27 февруари 1973 година, и на седницата на Социјално-здравствениот собор, одржана на 27 февруари 1973 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА АКЦИОНА ПРОГРАМА ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА САНИТАРНО-ХИГИЕНСКАТА И ЕПИДЕМИОЛОШКАТА СОСТОЈБА ВО СРМ ЗА ПЕРИОД 1973—1975 ГОДИНА

I

Целта на оваа Акциона програма која треба да се вклопи и реализира паралелно со Општествениот план за развој на Социјалистичка Република Македонија од 1971 до 1975 година, е да се постигне подобрување на санитарно-хигиенската и епидемиолошката положба, првенствено на селското население каде што состојбата е потешка отколку во градовите. Со програмата се предвидени мерки за значително намалување на цревните заразни заболувања, мерки за намалување на други заразни заболувања за кои постојат специфични ефикасни

мерки за заштита, следење на загадувањето на површинските води, следење на загадувањето на воздухот на најзагрозените населени места, подобрување на положбата на хигиено-епидемиолошките дејности и санитарно-инспекциските служби. Спроведувањето на наведените мерки и дејности значително ќе придонесе и за подготвување на територијата за општонародна одбрана, како и за подобрување на животниот стандард воопшто.

II

Значително намалување на морбидитетот од цревен тифус, паратифус, дизентерија и заразна жолтица преку подобрување на хигиенските прилики, првенствено со решавање на водоснабдувањето и отстранувањето на отпадните води и материи.

За да се намали значително морбидитетот од цревен тифус и паратифус, дизентерија и заразна жолтица, меѓу најважните мерки е обезбедувањето на доволни количества хигиенски исправна вода на населението, бидејќи состојбата на водоснабдувањето во селските населби е значително полоша отколку во градовите. Програмата предвидува Републиката да даде неповратно материјална помош како стимул за изградба на современи санитарно-технички исправни објекти за водоснабдување во околу 210 села со околу 200.000 жители. Оваа помош ќе изнесува, ориентационо, околу 8 отсто (5—10) од изведбената вредност на објектите.

Помошта ќе се доделува врз основа на јавен конкурс. Изборот на населбите за доделување помош ќе се врши според следните критериуми каде што наведениот редослед претставува приоритет при доделувањето на помошта:

— лоша хигиенска и лоша епидемиолошка положба (висок морбидитет од цревни заразни заболувања),

— можност со едно извориште да се обезбеди вода за поголем број жители или за повеќе населби, со давање домашни приклучоци преку водомери,

— изградба на водоводи со јавни чешми,

— зависно од месните услови изградба на артериски бунари за локално и централно водоснабдување,

— изградба на нови санации на постојни бунари со монтажа на елеваторски црпки.

Изградбата односно реконструкцијата на објектите ќе се реализира со учество на месното население (придонес во парични средства, работна рака, материјал), учество на општинското собрание со изготвување на инвестиционо-техничка документација, прибавување на санитарни согласности, обезбедување стручна работна рака, технички надзор, партиципација со парични средства и материјал и учество на Републиката со партиципација во водоводни материјали — цевки и санитарно-технички надзор над изградбата.

Во периодот од 1973 до 1975 година се планира изградба на водоснабдителни објекти во околу 70 села годишно. Во зависност од теренските услови ќе се врши избор на соодветни материјали. Ориентационо просечната фабрична цена изнесува околу 20.000 динари за 1 км. За периодот од три години се предвидува Републиката да даде учество од околу 420 км. цевки кои по денешни фабрички цени чинат околу 8.000.000 — 8.500.000 динари. Само за 1973 година се предвидени околу 150 км. цевки кои чинат околу 2.000.000 — 2.300.000 дин.

Како многу важна санитарно-техничка мерка за спречување на појавата и ширењето на цревните заразни заболувања е правилното отстранување и крајната диспозиција на фекалните отпадни материи која треба да се решава паралелно со решавањето на водоснабдувањето. Во селата и деловите на градовите каде што нема канализација да се градат хигиенски клозети според нацрти од Републичкиот завод за здравствена заштита во Скопје. Секое општинско собрание треба да има соодветни одлуки, со кои ќе се обезбеди сите новоградби да градат такви клозети, а постојните клозети да се реконструираат. Секој град во близина на пазариштето да изгради јавен клозет, а исто така и во градскиот центар.

Во селата ќе се градат хигиенски ѓубришта според нацрти од Републичкиот завод за здравствена заштита — Скопје. Секое општинско собрание веќе има соодветни одлуки, со чија примена ќе се градат хигиенски ѓубришта како во новоградби, а постојните ќе се реконструираат.

Погоре предвидените санитарно-технички мерки се секако најважни за намалување морбидитетот од цревните заразни заболувања, но бидејќи за нив се потребни многу средства и подолг период за спроведување на Акционата програма за намалување на морбидитетот ќе се спроведуваат мерките што ѝ стојат на располагање на здравствената служба и тоа:

— пријавување и задолжителна евиденција на сите цревни заболувања,

— рано и активно изнаоѓање на болните,

— лабораториска дијагностика,

— епидемиолошка анкета,

— дезинфекција на жариштето,

— здравствено просветување.

Во случај на епидемиска појава на овие заболувања задолжително е известување по најбрз пат до Републичкиот завод за здравствена заштита — Скопје.

Покрај овие општи мерки кои важат за сите цревни заразни заболувања како посебни мерки при одредени заболувања се:

За цревен тифус и паратифус:

— задолжителна хоспитализација,

— имунизација спрема епидемиолошка индикација,

— системско испитување на клицоносители на преболените, како и евиденција и надзор над трајните клицоносители.

За заразната жолтица:

— задолжителна хоспитализација.

Покрај редовните дејности против цревните заразни болести предвидени со Законот за заразните болести во текот на 1973 година ќе се извршуваат посебни епидемиолошки испитувања и дејности.

Се предвидуваат подетални годишни анализи за состојбата и движењето на цревните зарази во Републиката, систематско испитување на клицоносителството на салмонела и шигели во 6 градови (Скопје, Куманово, Тетово, Струмица, Битола и Охрид), кај децата од училишна возраст, како и систематско одредување на бактерии од фекално потекло на прстите од рацете кај тие деца.

На овој начин ќе се стават цревните заразни заболувања под зајакнат епидемиолошки надзор, ќе се добијат податоци за пејсажот на типовите на цревните инфекции и ќе се даде проценка на фекалната контаминација на рацете кај училишните деца, сè со цел за откривање на доминантните патишта на ширење на цревните зарази заради поуспешно нивно сузбивање.

Со епидемиолошките испитувања се предвидува да се опфаќаат околу 1.050 деца, 4 пати годишно.

III

Следење на санитарната состојба на површинските води и водотеци во СРМ, следење на проблемот на аерозагадувањето во населбите каде што постои опасност од индустриско загадување на атмосферата.

Во текот на тригодишниот период од 1973—1975 година Хигиенско-епидемиолошкиот одред — Скопје ќе ја следи санитарната состојба на површинските води и водотеци во СРМ и тоа на езерата Охридско, Преспанско, Дојранско, Дебарско и Мав-

ровско, на реката Вардар со притоките, реките Струмишница и Радика.

На точно определени профили спротиводно и низводно од главните загадувачи (населби и индустриски објекти) на местата каде што се вливаат главните притоки како и на местата кои се користат за туризам и рекреација ќе се земаат примероци за физикохемиска и микробиолошка анализа. Вакви примероци ќе се земаат четири пати годишно, т. е. во сите годишни сезони. Испитувањата ќе се вршат по стандардни методи, а според Правилникот за опасните материи што не смеат да се внесуваат во води („Службен лист на СФРЈ" бр. 3/66).

На реката Вардар која е главен приемник на отпадните води во Републиката, освен наведените системни примероци, ќе се вршат од сите профили испитувања на вкупната бета радиоактивност, а на профилите Драчево, под Т. Велес, Криволак и Гевгелија овие испитувања ќе се вршат секој месец.

Со овие истражувања постојано би се имало увид во санитарната состојба на нашите главни површински води и водотеци.

За подобрување на санитарно-хигиенската положба во населените места по однос на аерозагадувањето од индустриско потекло, општинските собранија (во оние места каде што постои опасност од индустриско загадување на атмосферата), треба да организираат служба за контрола на чистотата на воздухот или на друг начин да обезбедат вршење контрола на чистотата на воздухот над својата територија. Контролата ќе се врши по стандардни методи кои се применуваат во нашата земја, т. е. регистрирање на таложната прашина со седиментатори, а лебдечката прашина, чадот и сумпордиоксидот — со гасомери.

Републичкиот завод за здравствена заштита ќе врши контрола на чистотата на воздухот во Скопје, Титов Велес и Битола со наведените методи во текот на периодот 1973—1975 година. Со методата на седиментатори ќе се следи месечниот просек на исталожената прашина (10 мерни места во Скопје, 5 во Битола и 4 во Т. Велес). Со методата на гасомери ќе се следи секојдневниот просек на чадот и сумпордиоксидот за секое мерно место (3 во Скопје и по 2 во Т. Велес и Битола).

На крајот на секоја година ќе се изготвува билтен за движењето на аерозагадувањето, кој ќе биде презентиран пред Републичкиот секретаријат за здравство и социјална политика, како и пред општинската служба за контрола на чистотата на воздухот со цел да се донесат и спроведат потребните мерки.

IV

Започнување на процесот на срадијација на дифтеријата, детската парализа и тетанусот кај новороденчињата, како и значително намалување на морбидитетот од големата кашлица.

Во наредните 3 години со Акционата програма потребно е да се насочат мерките за искоренување на дифтеријата, детската парализа и тетанусот кај новороденчињата, како и значително намалување на големата кашлица. За постигнување на поставените цели постојат реални материјални можности, како и специфични мерки кои се мошне ефикасни и резултатите од нив се евидентни во многу земји на светот, па и кај нас во одделни републики.

Како основа за натамошните мерки и нивната евалуација, а за постигнување на поставените цели, потребно е покрај преземањето на соодветни мерки (имунизација), да се вршат и одредени епидемиолошки испитувања. Со вакви испитувања би се овозможила епидемиолошка проценка за состојбата на овие заболувања во нашата Република. Во овие испитувања ќе спаѓаат епидемиолошки анкети, микробиолошки, серолошки и други потребни испитувања.

Детска парализа

Тргнувајќи од фактот дека имунизацијата против ова заболување кај нас се спроведува повеќе од 10 години, дека опфатот е значителен, а дијагностиката главно е сведена само врз клиничката слика (клинички прегледи), потребно е за следување на епидемиолошката положба на ова заболување кај нас да се вршат одредени епидемиолошки испитувања, а со тоа подоследно би се спроведувале и специфичните мерки, и би се вршела нивна евалуација. За таа цел во наредниот период ќе се врши следното:

— ќе се продолжи со задолжителна имунизација на сите што подлежат на неа, за што е потребно програмирањето и планирањето на имунизацијата да се базира врз точна нивна евиденција, како и на пропуштените неимунизирани во претходните години а кои подлежат на имунизација.

При појава на заболување од детска парализа или сомневање на тоа, ќе се преземат следните мерки:

— пријавување на заболувањата од Републичкиот завод за здравствена заштита по телеграфски пат во рок од 24 часа од поставувањето на клиничката дијагноза за заболување или сомневање за тоа,

— хоспитализација на заболените и сомнителните во Клиниката за инфективни болести — Скопје или стационарна установа со специјализиран кадар и опрема,

— задолжителна вирусолошка и серолошка дијагностика,

— епидемиолошка анкета,

— испитување на имунизацијата во општините каде што ова заболување се појавува, и

— вирусолошки прегледи кај здрави деца.

Со Програмата за имунизација се предвидува да бидат опфатени годишно околу 38.000—40.000 деца кои стасуваат за имунизација редовно по календарот за имунизација, како и одреден број по епидемиолошки индикации во места каде што имунизацијата досега била запоставена или пак ова заболување се појави во епидемиска форма.

Епидемиолошките испитувања ќе опфатат:

а) Вирусолошки прегледи за поставување на дијагноза (изолација) на вирус на полио, ЕКХО и коксаки годишно од околу 40—50 болни или сомнителни на детска парализа. Парни серуми од нив за серолошка дијагноза. За испитување на антитела кај вакцинираните ќе бидат опфатени годишно околу 500 деца во населбите каде што ова заболување ќе се регистрира. Исто така ќе се земе материјал за изолација на вирус на детска парализа кај здрави деца во општините (населби) каде што ќе се регистрираат заболувањата при што ќе бидат прегледани околу 60 материјали годишно.

б) Епидемиолошка анкета на сите болни и сомнителни болни што ќе биде извршена од лекар специјалист — епидемиолог.

Дифтерија

Во текот на наредниот период ќе се продолжи со задолжителната имунизација на сите што подлежат на неа, за што е потребен целосен нивен опфат, истите, а тоа би се обезбедило преку програмирањето и планирањето на имунизацијата да се базира врз точна евиденција на децата кои стасуваат според календарот за имунизација, како и пропуштените — неимунизирани во претходните години.

При појава на заболување од дифтерија или сомневање за тоа, ќе се преземат следните мерки:

— пријавување на заболувањата до Републичкиот завод за здравствена заштита телеграфски во рок од 24 часа од поставувањето на клиничката дијагноза за заболувањето или сомневањето за тоа,

— хоспитализација во одделение за инфективни болести,

— задолжителна бактериолошка дијагноза,
— епидемиолошка анкета,
— рано и активно откривање на болните,
— испитување на клицоносителството и осетливост на дифтеријата (Шикова проба) на колективот во кој се појавило заболувањето односно контактите,
— по потреба ако за тоа постојат индикации да се изврши имунизација и на децата постари од 8 години кои претходно ќе се тестираат со Шикова проба.

Со Програмата за имунизација се предвидува да бидат опфатени годишно 38.000—40.000 деца кои стасуваат редовно по календарот за имунизација. Ќе бидат опфатени и одреден број по епидемиолошки индикации што според проценката би изнесувало околу 2.000 деца. Во општинските програми ќе бидат предвидени и тие што подлежат, а се пропуштени во претходните години.

Епидемиолошките испитувања ќе опфатат:

а) Бактериолошки преглед на материјали (брис од грло и нос) годишно од околу 60 болни или сомнителни болни од дифтерија. Исти такви прегледи ќе бидат извршени годишно на околу 600 лица од околината на болните (контакти) односно од колективот каде што се појавило заболувањето.

б) Епидемиолошка анкета на сите болни или сомнителни ќе биде извршена од лекар специјалист — епидемиолог годишно на околу 1.000 лица од околината на болните односно колективот каде што се појавило заболувањето, ќе бидат тестирани за осетливост на дифтерија по потреба на Шик.

Голема кашлица

За спречувањето на појавата на големата кашлица во епидемични форми ќе се преземат следните мерки:

Имунизација на тие што подлежат според стасувањето по календарот за имунизација.

При пријава на заболување задолжително ќе се врши следното:
— задолжителна бактериолошка дијагноза,
— епидемиолошка анкета,
— рано и активно откривање на болните.

Со Програмата за имунизација се предвидува да бидат опфатени годишно 38.000—40.000 деца кои стасуваат редовно по календарот за имунизација, како и пропуштените од претходинте години.

Епидемиолошките испитувања ќе опфатат:

а) Бактериолошки преглед на материјали од околу 400 болни и сомнително болни од голема кашлица при појава на епидемија, како и задолжителна микробиолошка дијагностика.

б) Епидемиолошка анкета за сите болни ќе се врши од страна на лекар.

Во спроведувањето на мерките против дифтеријата, детската парализа и големата кашлица ќе учествуваат здравствените установи и општинските и републичките органи на управата надлежни за работите на здравството и тоа:

— Републичкиот секретаријат за народно здравје и социјална политика секоја година донесува Програма за задолжителна имунизација.

— Републичкиот завод за здравствена заштита ќе укажува стручна помош при изготвувањето на општинските програми и ќе го следи, контролира и евалуира нивното извршување. Ќе укажува стручна помош при изготвувањето на плановите за имунизација на територијалните здравствени установи задолжени за спроведување на задолжителната имунизација.

— Републичкиот санитарен инспекторат и Републичкиот завод за здравствена заштита ќе вршат надзор над спроведувањето на мерките.

— Републичкиот завод за здравствена заштита ќе учествува директно, а во соработка со територијалните здравствени установи во посебни епидемиолошки испитувања предвидени со Програмата.

— Општинските собранија — надлежните органи донесуваат општинска програма за задолжителна имунизација.

— Територијалните здравствени установи овластени за спроведување на задолжителната имунизација донесуваат планови за спроведување на задолжителна имунизација и нив ќе ги доставуваат до Републичкиот завод за здравствена заштита. Ќе ја спроведуваат имунизацијата и доставуваат месечни извештаи за извршувањето до Републичкиот завод за здравствена заштита.

— Општинските санитарни инспекции вршат надзор во спроведувањето на задолжителната имунизација.

За обезбедување на материјалните и кадровските услови, потребно е и ангажирање на општествено-политичките заедници.

Тетанус кај новороденчињата

Дејноста на сузбивање на тетанусот кај новороденчињата е проблематика од областа на здравствената заштита на бремените жени и родилките односно новороденчињата и потребно е мерките за неговото сузбивање да се предвидат во програмите за нивната здравствена заштита.

Унапредување на хигиено-епидемиолошката дејност и санитарно-инспекциските служби

Хигиено-епидемиолошка служба

За спроведување на оваа Акциона програма од посебна важност е обезбедувањето на општинските хигиено-епидемиолошките служби со соодветен специјализиран кадар. Во почетната фаза кадарот би се оспособувал во соодветни установи преку семинари и курсеви. За развивање на микробиолошката служба, односно обезбедување на кадрите на целата територија на Републиката потребно е окрупнување односно интегрирање на послабо развиените хигиено-епидемиолошки служби со поразвиените центри.

Со Законот за здравство се предвидува задолжително обезбедување на соодветен кадар во здравствените установи. На овој начин се обезбедува и кадар во хигиено-епидемиолошките служби во разни видови установи, па според тоа се очекува во поразвиените здравствени центри (медицински центри) да се обезбедува микробиолошка служба, а во здравствените домови специјалистички кадар по епидемиологија и хигиена.

Според оваа програма до крајот на 1974 година би требало да се обезбедат по најмалку 15 општи специјалисти по епидемиологија, а од другите лекари од општа практика диференцирани за ваква дејност. Во 10 општини специјалисти по хигиена, како и во 8 општини микробиолошки лабораториски служби.

Санитарно-инспекциска служба

Во натамошниот период санитарната инспекција треба во својот развој да биде синхроно усогласена со развојот на хигиено-епидемиолошката дејност. Во таа смисла е Републичкиот закон за санитарна инспекција, чие доследно применување би значело коренита промена во составот и квалитетот на службата која го врши санитарниот надзор во општината.

Развојот на санитарната инспекција во наредниот период треба да помине низ две фази и тоа:

I фаза — Што поскоро да се оформат општинските служби за санитарна инспекција со кадри со соодветна стручна подготовка и доволен број, согласно Законот за санитарна инспекција.

II фаза — Да се овозможи натамошно усовршување на санитарните инспектори и тоа: на примените санитарни инспектори — лекари од општа практика да им се овозможи специјализација во една од гранките на превентивната медицина, првенствено епидемиологија, хигиена и медицина на

трудот, како и да се користат другите форми на усовршување на сите кадри преку посета на посебно организирани семинари, курсеви и др. со цел тие да се задржат во службата.

Републичкиот завод за здравствена заштита како висококвалификувана стручна превентивно-медицинска установа, стручно-методолошка, и конкретно на терен ќе учествува во спроведувањето на Акционата програма, ќе врши евалуација на спроведувањето на програмата и ќе ги изготвува стручните материјали потребни за комисијата.

Републичка комисија за епидемиологија и хигиена при Републичкиот секретаријат за здравство и социјална политика

Во текот на спроведувањето на Акционата програма Комисијата за епидемиологија и хигиена ќе укажува стручна помош во изготвувањето и реализацијата на општинските програми и ќе врши контрола во спроведувањето на дејностите и мерките предвидени со програмата. За состојбата во реализацијата на програмата ќе дава оценка и известување до Републичкиот секретаријат за здравство и социјална политика со предлог на мерки за поуспешна реализација.

ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Програмата ќе се финансира од Републичкиот буџет, Републичкиот фонд за води, од Сојузот на заедниците за здравствено осигурување и од општините.

Републиката со свои средства ќе партиципира во финансирањето на оваа Акциона програма за подобрување на санитарно-хигиенската и епидемиолошката состојба во СР Македонија од 1973 до 1975 година.

Висината на партиципацијата на Републиката ја одредува Комисијата за следење спроведувањето на Акционата програма формирана од Републичкиот секретаријат за здравство и социјална политика.

За остварување на оваа програма, Републиката ќе партиципира со износ од 7.200.000 динари од буџетот на Републиката, Републичкиот фонд за води со износ од 3.000.000 динари и Сојузот на заедниците на здравственото осигурување во износ од 3.000.000 динари.

V

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден по објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“, а ќе се применува од 1 јануари 1973 година.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 03-639
28 февруари 1973 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
Никола Минчев, с. р.

84.

Во смисла на член 137, алинеја 2 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, а во врска со точка 6, „Здравствена, детска и социјална заштита“ — потточка 2 став 6 од делот „Политика на остварување побрз развој“ од Општествениот план за развој на Социјалистичка Република Македонија од 1971 до 1975 година, Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата на Републичкиот собор, одржана на 27 февруари 1973 година, и на седницата на Социјално-здравствениот собор, одржана на 27 февруари 1973 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА АКЦИОНА ПРОГРАМА ЗА НАМАЛУВАЊЕ ВИСОКАТА СМРТНОСТ НА ДОЕНЧИЊАТА И МАЛИТЕ ДЕЦА ВО СРМ ОД 1973 ДО 1975 ГОДИНА

I

Во периодот од 1973—1975 година во Социјалистичка Република Македонија ќе продолжи акцијата за намалување високата смртност на доенчињата и малите деца особено на селските подрачја поради релативно полошата здравствена состојба.

II

ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Акционата програма треба да придонесе за намалување смртноста на доенчињата во СРМ преку подобрувањето на здравствената заштита на мајките и децата т. е. преку зголемување на процентот на раѓањата со стручна помош, опфатот на доенчињата, предучилишните деца и жените во советувалиштата, зајакнување на патронажната служба, планирање на семејството и други превентивни дејности.

Истовремено Акционата програма треба да овозможи на селското население како целина да му се обезбеди подостапна здравствена заштита и со тоа значајно да се подобрат условите за живеење на селското население.

III

МЕРКИ ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

Здравствените работници кои ќе ја спроведуваат оваа програма — лекарите, медицинските сестри и акушерките, покрај обезбедување навремено лекување на болните ќе преземаат и специфични мерки за здравствената заштита на мајките и децата, и тоа:

а) За доенчињата и малите деца:

— систематски прегледи за следење на развитокот и здравствената состојба,

— давање совети по сите прашања поврзани со здравјето и развитокот на децата,

— спроведување на активна имунизација и други профилактични мерки,

— патронажна служба.

б) За училишните деца:

— систематско следење на физичкиот и психичкиот развиток и здравствената состојба на училишните деца,

— систематски прегледи на училишните деца од I, III и VII одделение на осмолетките.

— давање совети на родителите, наставниците и учениците во врска со зачувувањето на здравјето,

— здравствено воспитување.

в) За жените:

— грижа за здравјето на жените во текот на бременоста (прегледи во советувалиштата, патронажни посети, контрола на забите, лабораториски анализи и др.),

— раѓање со стручна помош — во установа или дома со бабица,

— надзор на здравјето на жената во текот на леунството (прегледи, патронажни посети, совети и др.),

— работа на планирање на семејството и упатување на жените за примена на современите методи на контрацепција.

— здравствено воспитување на жените.

IV

НИВО НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА И СОСТОЈБА НА МАЈКИТЕ И ДЕЦАТА ШТО ЌЕ СЕ ПОСТИГНЕ ВО СРМ ДО 1975 ГОДИНА

Врз основа на досегашното движење на показателите за здравствената состојба и заштита во последните години, Програмата за задолжителните видови на здравствена заштита и оваа програма до 1975 година во СРМ ќе биде достигнато следното ниво на здравствена заштита и состојба на мајките и децата:

1. Стапката на смртноста на доенчињата ќе се намали на околу 65 промили,
2. Процентот на родените со стручна помош ќе порасне 73,
3. Процентот на лекуваните доенчиња пред смрт ќе се зголеми на околу 74,
4. Опфатот на доенчињата во советувалиштата ќе достигне ниво од околу 90 отсто,
5. Опфатот на бремените жени во советувалиштата ќе достигне ниво од околу 80 отсто,
6. Со систематски прегледи ќе бидат опфатени над 90 отсто од децата што подлежат на нив,
7. Патронажната служба ќе обезбеди во просек 2,5 посети по доенче и 2 посети по бремена жена,
8. Примоимунизацијата и ревакцинацијата ќе бидат извршени над епидемиолошкиот минимум,
9. Со советувања за контрацепција ќе бидат опфатени најмалку 15—20 отсто од жените во фертилен период.

V

РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

За обезбедување услови за побрзо опфаќање на мајките и децата со основната здравствена заштита и извршување на мерки од специфичната заштита ќе се обезбеди следното:

1. Проширување на мрежата на медицинските единици на селското подрачје со зголемување бројот на вработените здравствени работници,
2. До 1975 година здравствената заштита на селските подрачја ќе се спроведува од здравствените работници:

Ред. број	ОПШТИНА	Медиц. единици			Постојани лекари		Мед. сестри		Акушерки	
		има 1971		треба 1975	има 1971	треба 1975	има 1971	треба 1975	има 1971	треба 1975
		пост. лек.	без. пос. лек.	со пос. лек.						
1	2	3	4	5	6	7	8	9	10	11
1.	Дебар	2	2	2	3	4	3	3	4	6
2.	Гостивар	10	6	12	8	14	15	16	19	29
3.	Тетово	11	1	14	13	24	25	25	12	45
4.	Струга	8	8	8	8	9	10	10	13	17
5.	Кичево	3	1	6	4	7	5	7	5	10
6.	Куманово	7	6	15	7	16	10	16	9	25
7.	Прилеп	5	9	11	5	11	6	11	8	13
8.	Крушево	—	3	2	—	2	—	2	5	3
9.	М. Брод	2	3	3	3	4	4	4	6	6
10.	Охрид	3	9	4	3	7	2	7	3	6
11.	Скопје	19	—	19	24	24	24	24	18	32
12.	Виница	—	5	2	—	2	2	2	5	3
13.	Кочани	3	5	4	2	6	5	6	4	8
14.	Т. Велес	4	1	5	4	6	4	6	4	8
15.	Ресен	—	4	1	—	4	—	4	4	2
16.	Берово	—	10	3	—	3	7	7	3	3
17.	Делчево	1	5	2	1	4	6	6	3	6
18.	Св. Николе	2	3	4	2	3	3	3	2	3
19.	Кр. Паланка	1	4	4	1	7	4	7	—	7
20.	Радовиш	—	12	2	—	4	1	4	2	7
21.	Битола	9	14	10	9	14	17	17	8	10
22.	Кавадарци	1	8	1	1	3	2	3	7	4
23.	Неготино	1	2	2	1	2	1	2	4	4
24.	Штип	—	8	2	—	3	—	3	8	3
25.	Струмица	3	11	8	5	13	10	13	11	13
26.	Кратово	1	2	1	1	3	1	3	1	2
27.	Валандово	—	2	1	—	2	—	2	—	2
28.	Д. Хисар	1	4	4	3	4	—	4	5	3
29.	Гевгелија	2	4	3	2	4	6	4	2	5
30.	Пробиштип	1	1	2	1	2	1	2	1	2
Вкупно СРМ:		100	143	157	111	211	172	223	176	292

3. Обезбедување на нужните предуслови за нормална работа на екипите од лекар, медицинска сестра и акушерка.

4. Обезбедување на стручно-методолошка помош на здравствените работници од селските здравствени единици од страна на специјализираните кадри на Заводот за здравствена заштита на мајки и деца и локалните педијатри и гинеколози.

5. Следење извршувањето на плановите за работа на медицинските единици на село од страна на медицинските центри односно здравствените домови.

6. Тесна соработка на службата за здравствена заштита на мајки и деца и здравствените пунктови на село, со Црвениот крст, конференциите на ССРНМ, конференциите за општествена активност на жените и сите други органи и организации што можат да придонесат за остварување на програмата.

VI

НАЧЕЛНИ ПОСТАВКИ

1. Врз основа на оваа програма, собранијата на општините треба да изготват и усвојат свои програми во кои како минимум треба да бидат застапени планираните подобрувања (зголемување) на медицинскиот персонал на селското подрачје, а во некои општини и во самите градови.

2. Во програмите на општините треба да бидат прецизно определени изворите за финансирање.

Критериумите за партиципација на Републиката во извршувањето на акционите програми ќе бидат изработени од Републичката комисија за следење спроведувањето на акционите програми.

3. Сите медицински единици треба да бидат опремени со неопходната медицинска опрема и моторно возило според карактеристиките на теренот.

4. Здравствена заштита на населението ќе се укажува по единствена методологија т. е. ќе се применува активниот метод на здравствена заштита. Плановите за работа на сите медицински единици ќе бидат изготвени со помош на Заводот за здравствена заштита на мајки и деца.

VII

ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Програмата ќе се финансира од фондовите за здравствено осигурување и од општините. Републиката со свои средства ќе партиципира во финансирањето на Акционата програма за намалување високата смртност на доенчињата и малите деца во СРМ од 1973 до 1975 година. Висината на партиципацијата на Републиката ја одредува Комисијата за следење спроведувањето на Акционата програма за намалување на високата смртност на доенчињата формирана од Републичкиот секретаријат за здравство и социјална политика.

За остварување на оваа програма Републиката ќе учествува со 10.923.000 динари од буџетот на Републиката, и со 6.000.000 динари од Сојузот на заедниците на здравственото осигурување на работниците.

VIII

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1 јануари 1973 година.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 03-642
28 февруари 1973 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
Никола Минчев, с. р.

85.

Врз основа на Амандман XXXIV точка 1 став 1 и точка 4 на Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Републичкиот собор, одржана на 27 февруари 1973 година и на седницата на Просветно-културниот собор, одржана на 27 февруари 1973 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА РАТИФИКАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ПРОСВЕТНА И КУЛТУРНА СОРАБОТКА МЕЃУ СФРЈ И КРАЛСТВОТО НОРВЕШКА ЗА 1972 И 1973 ГОДИНА, ПОТПИШАНА НА 23 ФЕВРУАРИ 1972 ГОДИНА ВО БЕЛГРАД

I

Се дава согласност за ратификација на Програмата за просветна и културна соработка помеѓу СФРЈ и Кралството Норвешка за 1972 и 1973 година, потпишана на 23 февруари 1972 година во Белград.

II

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 03-3021
27 февруари 1973 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
Никола Минчев, с. р.

86.

Врз основа на член 52 од Законот за здравството („Службен весник на СРМ“ број 20/70), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Републичкиот собор, одржана на 27 февруари 1973 година, и на седницата на Социјално-здравствениот собор, одржана на 27 февруари 1973 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА РЕПУБЛИЧКИОТ ЗАВОД ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА — СКОПЈЕ

I

Се дава согласност на Статутот на Републичкиот завод за здравствена заштита — Скопје, што го донесе Советот на Републичкиот завод за здравствена заштита — Скопје на својата седница од 8 ноември 1972 година.

II

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 03-619
28 февруари 1973 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
Никола Минчев, с. р.

87.

Врз основа на член 8, став 3 од Законот за Републичкиот фонд за води („Службен весник на СРМ“ бр. 37/64), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Републичкиот собор, одржана на 27 февруари 1973 година, и на седницата на Стопанскиот собор, одржана на 27 февруари 1973 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ФИНАНСИСКИОТ ПЛАН НА РЕПУБЛИЧКИОТ ФОНД ЗА ВОДИ ЗА 1973 ГОДИНА

I

Се дава согласност на Финансискиот план на Републичкиот фонд за води за 1973 година, што го донесе Управниот одбор на Републичкиот фонд за води на седницата одржана на 27 декември 1972 година и на 23 февруари 1973 година.

II

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 03-616
28 февруари 1973 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
Никола Минчев, с. р.

ФИНАНСИСКИ ПЛАН НА РЕПУБЛИЧКИОТ ФОНД ЗА ВОДИ ЗА 1973 ГОДИНА

(составен согласно „Службен лист на СФРЈ“ бр. 49/64)

Ред. бр.	О П И С	И з н о с	
		Потколона	Колона
1	2	3	4
	I. — СРЕДСТВА		
1.	Пренесени средства од претходната година на жиро-сметка на Фондот	6.567.595	5.567.595
2.	Прилив на средства во тековната година (реден број 3 до 14)	—	19.388.235
3.	Од буџетот на општествено-политичките заедници што го основале фондот	—	—
4.	Од работните организации (за искористена, употребена и загадена вода)	6.157.500	—
5.	Од други организации и граѓани:		
	а) 2% зголемен придонес од личен доход од земјоделска дејност	4.000.000	—
	б) од средствата што се обезбедуваат по Законот за придонесите и даноците на граѓаните за учество на Републиката за изградба на водоводи на селски населени места	1.400.000	—
6.	Од придонеси од други фондови на општествено-политичката заедница која го основала фондот	—	—
7.	Од придонеси од буџетот на фондовите на други општествено-политички заедници	4.800.000	—
8.	Примени кредити:		
	а) неостварени кредити по Законот за распределба на средствата на СРМ за инвестиции во стопанството за 1972 година	1.625.000	—
	б) кредити по Законот за расподелба на средствата на СРМ за инвестиции во стопанството во 1973 година	500.000	—
9.	Од наплатени отплати на кредити дадени од Фондот	845.735	—
10.	Од вратени орочени депозити на Фондот	—	—
11.	Од вратени обавезни резерви на Фондот	—	—
12.	Од вратени блокирани средства на Фондот	—	—
13.	Од наплатени камати на орочени средства	60.000	—
	СЕ СРЕДСТВА:	24.955.830	24.955.830
	II. РАСПОРЕД НА СРЕДСТВА		
16.	Функционални расходи на Фондот, освен инвестиции без обврска на враќање (ред. бр. 17 и 18) и тоа:		
17.	Функционални расходи непосредно од Фондот (за одржување на водостопанските објекти и постројки)	—	5.615.000
	— исплата на пристигнати обврски од 1972 година	1.125.000	—
	— исплата на обврски од 1973 година	4.490.000	—
18.	Пренос на средства од други корисници и функционални расходи	—	—
19.	Инвестициони расходи без обврска на враќање (ред. бр. 20 и 21)	—	13.250.000
20.	Инвестициони расходи непосредно од фондот	—	—
	— исплата на пристигнати обврски од 1972 година	1.300.000	—
	— исплата на обврски од 1973 година	1.500.000	—
21.	Пренос на средствата на други корисници за инвестициони расходи		
	— за изградба	4.500.000	—
	— за студии и истраги	5.950.000	—
22.	Кредити (ред. бр. 23 и 24) и тоа:	—	4.695.000
23.	Кредити дадени од Фондот за функционални расходи		
24.	Кредити дадени од Фондот за инвестициони расходи (на Стопанската банка за уредување на пороите во мелиоративните системи)	4.295.000	—
25.	Отплати на примени кредити	845.735	845.735
26	Издвоени средства од жиро-сметката на Фондот (ред. бр. 27 до 29)		
27.	Издвојување на орочени средства	—	—
28.	Издвојување на обавезна резерва	—	—
29.	Издвојување на блокирани средства	—	—
